*Врз основа на член 142 став 6 и член 162 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17, 83/2018, 24/2019 и 64/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе*

***ОДЛУКА***
**за избор на најповолен понудувач**

*1. За најповолен понудувач, за набавка на стоки –* **средства и апарати за одржување на хигиена за потребите на Министерство за правда**,

*за* ***ДЕЛ 1 – Набавка на стока - средства за одржување на хигиена се избра:***

***„Трговско друштво за производство, промет и услуги МИНАКО ДОО увоз-извоз Скопје"***

***За ДЕЛ 2 – Набавка на стока - апарати за одржување на хигиена се избра:***

***„Трговско друштво за производство, промет и услуги МИНАКО ДОО увоз-извоз Скопје***

*2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.*

*3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.*

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Министерството за правда врз основа на спроведената постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеа 1 од Законот за јавни набавки, за Дел 1 по разгледување на доставените две понуди од*

двајца економски оператори и спроведената електронска аукција преку ЕСЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука и за Дел 2 по разгледување на доставената една понуда од страна на еден економски оператор и спроведеното поднесување на конечна цена преку ЕСЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

*Одлучено во Министерството за правда под број 05-1953/12 на 30.04.2019 2019 година.*

*Правна поука: Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија преку Комисијата на јавни набавки на договорниот орган.*

*Доставено до:*
*- Комисија за јавни набавки*
*- Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА*

*По овластување на Министер за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА СКОПЈЕ

*Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки бр. 05- 1953/9 од 17.04.2019 година*
*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение*